- идентификување на релевантни социјални сили (институциите, НВО, приватен сектор, инт.)
- следење, утврдување и анализа на постигнати резултати и реализирани активности од имплеменирањето на Акциониот план за социјална заштита,
- редовна комуникација,средби, и размена на податоци и информации со сите социјални сили на ниво на општина ,
- транспаретното работење и објавување на годинишни извешати од имплементирањето на Акциониот план за социјална заштита,
- предлог на нови програми и форми на социјална заштита.

# ИЗРАБОТКА НА АКЦИОНЕН ПЛАН

## Кусо упатство за изработка и составни делови на АП

Прв чекор во планирањето е согледувањето на постоечките состојби. Без точно, реално согледување на состојбите не е можно да се утврдат приоритетите и насоките за делување. Социјалното партнерство е основен предуслов за квалитетно утврдување на состојбите. Тоа овозможува сеопфатно истражување на состојбите кај секоја целна група, каде секој од социјалните партнери придонесува со свој придонес кон добивањето. Секој од партнерите треба да се обврзе да ги следи состојбите и движењата на онаа- оние целни групи за кои може да обезбеди најсоодветни и точни податоци. Добро е да се обезбеди и комбинација, каде повеќе институции помеѓусебе би ги проверувале информациите кои ги поседуваат. Во оваа фаза е добро да се користат информации од веќе изработени истражувања, готови материјали, посредни информации, но и од директни насочени истражувања изработени специјално по нарачка на општината. За изработка на директни истражувања е потребно да се ангажираат експерти од областа на истражувањето, како и експерти од конкретната област која се истражува-целна група.

За секоја целна група треба да се одреди посебен истражувачки тим, кој ќе ги собере информациите, ќе ги обработи и да даде соодветни анализи на состојбите. Ваквите анализи треба да се изготвуваат периодично, каде должината на периодот за изготвување зависи од динамиката на промените кај целната група во рамки на општината. Ваквите анализи треба да се споредуваат со сличните анализи од други општини, со општите состојби на ниво на Републиката, како и состојбите во другите земји.

Една ваква анализа треба на корисникот на анализата да му даде доволно информации да се здобие со реална слика за состојбите кај одредената целна група, за бројот на целната група, ризиците на кои се изложени изразени во степени на интензитет, движење на интензитетот на проблемот по години, динамики и трендови. Целосната анализа дава согледување за сериозноста на проблемот, слика за негово зголемување или намалување, влијанието врз заедницата и поединците, ефикасност на мерките кое се преземаат за намалување на проблемите, ефективноста на потрошените ресурси во споредба со постигнатите резултати.

Доколку секоја целна група која се појавува на ниво на општината се обработи сериозно и целосно, тогаш ќе биде лесно да се споредат важностите и влијанието на секој поедничен проблем врз заедницата и ќе можат да се утврдат приоритетите на кои општината мора да влијае. Анализата на целните групи без однапред утврдени критериуми може да биде необјективна и да ги заведе во погрешна насока оние кои ги носат одлуките за утврдување на приоритети. Поради тоа, на ниво на заедницата треба да се усогласат, кои се тие најважните критериуми кои ќе бидат земени во обзир при одлучувањето за приоритетите за делување во рамки на општината. Тие критериуми треба да бидат во пишана форма и јавно комуницирани во заедницата заради остварувањето на принципот на транспарентност во работењето на локалната самоуправа.

Координативните тела, тимови или било која друга форма на организирање на разни институции во рамки на локалната самоуправа, доколку ги имаат ваквите критериуми ќе имаат

лесна задача, на транспарентен начин да ги утврдат приоритетите на заедницата и со тоа ги насочат активностите и ресурсите кон решавање на приоритетните проблеми

на заедницата. Секако, овие критериуми не се одредуваат еднаш засекогаш, туку се усогласуваат по потреба и поради промените во состојбите на ниво на општината.

Откако ќе се утврдат приоритетните целни групи, се почнува со процесот на планирањето на активностите во насока на решавањето или намалувањето на проблемите кај целните групи.

Планирањето на активностите се прави дури откако ќе се утврдат **целите** кои сакаме да ги постигнеме и ги оствариме посакуваните резултати. Целите треба да се мерливи, реални и остварливи. На пример: сегашната состојба со децата на улица е дека се идентификувани 50 деца на улица на ниво на општина. Целта која ја поставуваме треба да биде на пример, намалување на децата на улица за 30% во рок од една година. За остварување на оваа цел ќе ги спроведеме следните активности (наведе активности). Овие активностите ќе бидат спроведени од страна на следните организации (наведете партнери или слично).

Секоја активност треба да биде пресметана во пари и на крајот ќе добиеме конечен буџет на целокупната програма која е насочена кон решавањето на проблемот на една целна група.

На крајот на предвидениот период, најчесто една година, се споредува планираното со оствареното. Дали се направени планираните активности, дали се направени во обемот колку што се планирани, дали се потрошени толку средства колку се планирани и конечно **дали е постигната целта**, во нашиот пример дали бројот на децата е намален за предвидениот број-процент.

Доколку дојде до неисполнувањето на целта, треба да се направи анализа зошто целта не е постигната и покрај можеби исполнетите активности кои биле планирани.

Секогаш е добро да се споредите со слични општини и утврдите каква е вашата позиција во споредба со другите. При тоа е добро да користите мерливи индикатори, како на пример за згрижување на лица по лице во некоја друга општина се троши 30% помалку средства отколку во нашата општина.

# ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ ОД АКЦИОНИОТ ПЛАН

Со имплементацијата на програмите предвидени со Локалниот Акционен план за социјална заштита за Општина Делчево се очекува да се намали бројот на лицата со социјален ризик, меѓу кои идентификуваните целни групи: страи изнемоштени лица, лица посебнипотреби,децаимладинцивосоцијаленризикиризикодзависности.

За таа цел Општина Делчево ќе развие систем за информирање на граѓаните за значењето на услугите од социјалната заштита и ќе ги едуцира граѓаните и сите структури од општината. Воспоставувањето и развивањетона соработката помеѓу граѓанскиот сектор, локалните власти, здравствените и образовните институции и надлежниот Центар за социјални работи е од големо значење за намалување на бројот на целните групи кои ги користат услугите на Центарот за социјална работа.

# РЕГИОНАЛЕН ПРИСТАП И СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОПШТИНИ

Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа во Општина Делчево работи и функционира и во Општина Македонска Каменица така да веќе постои соработка со друга општина. Соработките со другите општини и регионалниот пристап овозможуваат воспоставување на секојдневни и вообичаени социјални односи со лица или групи на граѓани од локалната заедница или пошироко.

Ваквата соработка дава можност за економска и социјална соработка во регионот со цел подобрување на социо-економската состојба на граѓаните.

Општина Делчево ќе развие практика за меѓусебни консултации и соработка помеѓу сите релевантни субјекти во општините од источниот регион за давање на поддршка за одредени проекти од областа на социјалната заштита кои би имале регионален пристап и ефекти за подобрувањенасоцијалнатасостојбанаграѓанитевОрегионот.

# ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

заедница со еднакви можности

Со децентрализацијата, владата се доближува до граѓаните и станува попристапна и по информирана за локалните услови а со тоа и подготвена да одговори на потребите на луѓето. Тоа треба да доведе до поквалитетни јавни услуги и до поефективно користење на јавните ресурси, ориентирано кон задоволување на потребите на граѓаните. **Успехот на процесот на децентрализација ќе се мери според степенот до кој ќе се подоби квалитетот на животот и еднаквиот пристап на населението до развојни можности.** Во тој поглед, за тековниот процес на реформи ќе биде од суштинска важност да се обезбедат минимум стандарди и ниво на услуги за сите ранливи категории на граѓани вклучувајќи ги и маргинализираните групи.

Одлуките донесени на локално ниво се почувствителни на локалните услови, повеќе одговараат на локалните потреби и оставаат простор за повисок степен на одговорност и транспарентност, подобрувајќи ги на тој начин управувањето и човековиот развој.

Децентрализацијата како процес во Р.Македонија од аспект на маргинализираните и ранливите категории на граѓани, подразбира преземање на ингеренциите во однос на грижата и заштитата на маргинализираните групи од централно на локално ниво, со што се овозможува поголема флексибилност за градење на стратегија, механизми и инструменти кои ќе го подобрат животот на оваа популација. Паралелно со децентрализацијата во Р.Македонија се јавува и процесот на деинституционализација кој бара активно вклучување на Општините во имплементација на Националната стратегија за деинституционализација. Тоа повлекува сосема поинаков пристап - деинституционализацијата ја подржува превенцијата од институционализација, овозможувајки реализација на грижа и заштита во самото место на живеење, во заедницата, во семејството каде што секој човек припаѓа. **Но, за тоа да се постигне на успешен начин, потребно е да се разберат факторите што придонесуваат кон диспаритетите на локално ниво, без оглед дали се работи за географски, економски, социјални или демографски контекст.**

Законот за локална самоуправа овозможува унапредување на системот за подршка , во смисла на тоа што општините имаат можност самите да одлучуваат за насоките и формите во кои нивната општина ќе води и развива подршка на маргинализираните групи, земајки ги во предвид вистинските потреби и актуелната состојба. Со тековните реформи на децентрализацијата и деинституционализацијата, локалните самоуправи имаат одговорна улога во процесот на унапредување на сосотојбата во која се наоѓаат лицата со посебни потреби како ранлива категорија на граѓани. Одлуките што ги донесуваат локалните самоуправи влијаат врз секојдневниот живот на лицата со попреченост.

Поради тоа, од големо значање е локалните власти, при планирањето на политиките и донесувањето на одлуки, да ги вклучуваат и аспектите на попреченоста, во сите сфери на опшественото живеење.

За таа цел, ХЗ Бравура Кооператива, во рамките на своите програмски содржини, сериозно пристапи во сверата на социјалното живеење и воспоставување на социјална кохезија, давајќи свој придонес, за развој на заедници со еднакви можности кон сите граѓани, потенцирајќи ги и

маргинализираните групи.

*„Со цел да дадеме свој придонес кон реална имплементација на овие заложби и водејќи се од актуелната состојба на социјално ранливите групи во Општина Делчево,* **ХЗ „Бравура Кооператива " во Партнерство со ЗГ „КХАМ"- Делчево** *преку имплементација на проектот, „Социјален дијалог за социјална инклузија" , отпочна со оперативен план за социјална заштита во Општина Делчево, и го подготви овој материјал.*

Локален акциоонен план за социјална заштита на Општина Делчево е наменета за потребите на заедницата, за стратегиите на Општините, за разбирање на групите, за благосостојба на лицата со посебни потреби, за потребите на оние кој професионално го третираат овој проблем, за заедници со еднакви можности.

## ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ на општина Делчево

Подрачјето на општина Делчево зафаќа површина 423 км$^2$ и живеат околу 17.713 жители. Во Делчево има 22 населени места. Според пописот на населението од 2002 година, во градот имало 11.500 жители и спаѓал во групата на средни градови.

Етнички гледано, населението е составено од:

### Етнички групи

| | |
|---|---|
| Македонци | 93,57 % |
| Роми | 4,90 % |
| Турци | 0,84 % |
| други | 0,37 % |
| Срби | 0,22 % |
| Албанци | 0,06 % |
| Власи | 0,03 % |

**На територијата на општина Делчево функционираат следните институции од областа на социјална заштита:**

- Меѓуопштински центар за социјална работа-Делчево (општина Делчево и М.Каменица) - Министерство за труд и социјална политика
- Дневен Центар за деца со посебни потреби-Министерство за труд и социјална политика

## Социјална слика на општината Делчево :

- 65 корисници на постојана парична помош, и 3 цивилна инвалиди ;
- 585 лица за помош и нега од друго лице (хронично болни);
- 8 деца згрижени во социјални установи или други семејства;
- 57 лица примаат посебен додаток, а евидентирани лица со посебни потреби има над 200;
- 8 малолетни лица под старателство и 47 полнолетни лица;
- 1 лице сместено во Дом за старилица;
- 13 малолетници - деликвенти, чија бројка бележи пораст;
- 0 активни корисници на дрога кои се вклучени во метадонски третман (официјален број);
- 0 деца на улица /воспитно запоставени;
- 5 станбено необезбедени лица;
- 188 семејства се корисници на социјална помош;
- семејства кои побарале помош од Советувалиштето за брак и семејство поради проблеми во бракот: 25 мислења до судот; 7 случаи регулирање видување;
- 7 пријави на семејно насилство врз жени и деца. (Напомнуваме дека оваа состојба е евидентирана по донесувањето на новиот Закон за семејство и посебниот пристап во работата со оваа категорија. Семејното насилство досега се третираше низ другите категории).

## Социјална состојба на населението

- 188 семејства се корисници на социјална помош; Дел од корисниците се работоспособни, но немаат интерес за работа; Со помошта се остварува егзистенција сведена на биолошко опстојување (за прехрана, но не и за други потреби: хигиена, давачки за струја, вода, ТВ и сл );
- Недоволните средства за живот од социјалната помош го туркаат населението во сива економија, од што државата и локалната заедница трпат голема штета;
- Заработувањето на нелегален начин е спротивно на законските и моралните норми.

Транзициониот период во кој се уште егзистира Р.Македонија и со тоа и општина Делчево, влијае врз целокупниот живот на граѓаните.
Неговите карактеристики се :

- недоволниот економски развој,
- драстично намалување на животниот стандард,
- невработеноста и нагласување на проблемите од социјалната сфера.

Со децентрализацијата на надлежностите на локално ниво, во рамките на социјалната грижа, се отвораат можности за подобрување на состојбата на овие лица, со тоа што општината ќе може самостојно да гради свои политики и развојни програми за надминување на социјалните проблеми. Со новите законски решенија се овозможува:

- стручни лица како поединци да вршат работи од социјалната заштита (советувалишта по категории),
- јавни установи да формираат посебни оддели по категории;
- да се формираат институции на локално ниво.

Како најефикасни се покажале дневните центри по посебните категории и вклучување на НВО во вршење на работи од областа на социјалната заштита.

# АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ПО ЦЕЛНИ ГРУПИ

## Целни групи, ризици и облици на делување

| ЦЕЛНИ ГРУПИ | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НАДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|
| 1 **Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности**<br><br>Деца жртви на семејно насилство, деца на самохрани родители, малолетничка деликвенција и деца и младаинци кои злоупотребуваат дроги и други зависности. | - загрозена сигурност и безбедност<br>- малолетничка деликвенција и асоцијално однесување<br>- запоставени деца - семејна запуштеност (несоодветно воспитување, недоволна грижа за децата)<br>- опасност по здрвствена состојба на децата<br>- невклученост во образовниот процес<br>- изложеност на деликвентно однесување<br>- ризици по здравјето<br>- насилство, зависности<br>- криминогено однесување<br>- конфликти во семејството | - Мобилни тимови за идентификување на децата и нивните семејства<br>- Организирање на систематски здрвствени прегледи<br>- Едукација на семејствата<br>- Акција за вклучување на децата во образовниот процес<br>- Превентивни кампањи за злоупотреба на психотропни супстанции<br>- Примена на превентивна програма во училиштата<br>- Психосоцијални интервенции<br>- Кампања за дестигматизација |
| 2 **Стари и изнемоштени лица**<br><br>Не сме во можност да ги издвоиме бројот на стари изнемоштени лица бидејки релевантните институции не располагаат со точен податок | - отфрленост од семејството<br>- изложеност на болести<br>- неспособност за извршување на секојдневните животни потреби<br>- изолираност од социјалната средина | - функционирање на тимови за домашна посета<br>- функционирање на тимови за здрвствена заштита<br>- клуб и дневен центар за стари лица<br>- дом за стари лица |

| ЦЕЛНИ ГРУПИ | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|
| 3 **Лица со посебни потреби**<br><br>Според податоците од ЦСР бројот на лица со посебни потреби над 18 години е 215 лица. | - отежнато извршување на основните животни потреби<br>- Инфраструктурна пристапност - изолираност од социјалната средина<br>- отежнато вклучување во работниот процес<br>- отежнато вклучување во социјалната средина<br>- неможност за соодветна грижа и нега од страна на семејството | - функционирање на мобилни тимови за домашна посета.<br>- иницирање изградба на соодветна инфраструктура за лицата со попреченост.<br>- Клуб за организирање на животот и едукација на лица посебни потреби |
| 4 **Корисници на СП и други права**<br><br>Лица корисници на Социјална помош евидентирани во ЈУ МЦСР Делчево | - сиромаштија<br>- зголемување на социо-патолошките појави<br>- незадоволство на граѓаните<br>- запоставени се родителските обврски | - Преквалификација / обука на невработените лица<br>- обука за самовработување<br>- упатување и помош на корисниците на С.П и другите права |

*Критериумите по кои се одбрани приоротетните целни групи се одредени врз база на истражувањата направени од страна на НВО организации , Локална самоуправа на Општина Делчево и податоците со кои располага Центарот за социјални работи Делчево и тоа:*

- ***Лошата слика за социјалната состојба во општината***
- ***Можноста за социјална реинтеграција на лицата со социјален ризик***
- ***Корист со нивното вклучување во општествениот живот***
- ***Ефекти кои би се постигнале во зедницата со разрешување на проблемите во целните групи***

# Програма, Партнери, цели и рокови

| ДЕЦА И МЛАДИНЦИ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК И РИЗИК ОД ЗАВИСНОСТИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | ПРОГРАМА | ПАРТНЕРИ / УЧЕСНИЦИ | ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА | РОКОВИ |
| | 1.1 | Превентивна програма наменета за младите за усвојување на здрави животни стилови и Кампања за борба против зависности / семејното насилство/ деликвеница | • ЦСР<br>• НВО<br>• СВР<br>• Образовни институции<br>• МВР-ПС Делчево<br>• ЛС | • Намалување на лицата пробатори-уживатели на зависности за 30%.<br>• Превенција од зависности / семејното насилство/ деликвеница | • 11 месеци со почеток од Февруари 2019 год |
| | 1.2 | Психо-социјални интервенции | • НВО<br>• ЦСР<br>• Здравствени институции<br>• МВР-ПС Делчево | •<br>• Превентивни мерки и интервенции за јакнење на капацитетите на младите лица за нивно правилно социјално однесување и избор на позитивни врдности. | • континуирано |

| СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | | ПРОГРАМА | ПАРТНЕРИ / УЧЕСНИЦИ | ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА | РОКОВИ |
| | 2.1 | Функционирање на мобилни тимови за домашна посета , здравствена грижа и нега на стари лица | • Здравствени работници<br>• НВО<br>• Л.С | • Овозможување нормално извршување на животните потреби<br>• Овозможување на палиативна нега и грижа на стари лица | континуирано |
| | 2.2 | Дом за стари лица со можности за геријатрискиоддел | • НВО<br>• ЦСР<br>• Здравствени институции<br>• Бизнис сектор | • Трајно згрижување на стари лица | 24 месеци |

## Програма, Партнери, цели и рокови

| ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | | ПРОГРАМА | ПАРТНЕРИ / УЧЕСНИЦИ | ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА | РОКОВИ |
| | 3.1 | Функционирање на мобилни тимови за домашна посета (нега и грижа) | • Здравствени работници<br>• НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • Овозможување нормално извршување на животните потреби | континуирано |
| | 3.2 | Изградба на соодветна инфраструктура за лица со посебни потреби | • НВО<br>• Л.С | • Пристапни бариери во градско подрачје и локанли институции | 12 месеци |

## Програма, Партнери, цели и рокови

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ И ДРУГИ ПРАВА | | | | | |
| 4 | | ПРОГРАМА | ПАРТНЕРИ / УЧЕСНИЦИ | ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА | РОКОВИ |
| | 4.1 | Вработување на лица корисници на Социјална парична помош | • Бизнис сектор<br>• Л.С<br>• ЈУ МЦСР<br>• Јавни установи | • Овозможување на нормално функционирање на лица корисници на Социјална Помош преку вработување - Нови Владини Мерки од МТСП. | континуирано |
| | 4.2 | Изградба на станбени единици со соодветна инфраструктура за лица кој немаат моментални услови за станбено живеење, корисници на СП. | • Л.С<br>• МТСП | • Вдомување на најзагрозените лица корисници на С.П. | 24 месеци |

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.1 | Програма наменета за младите за усвојување на здрави животни стилови и Кампања за борба против зависности / семејното насилство/ деликвеницијa | | | | | |
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Формирање на тим за реализација на работилници | • НВО<br>• МВР<br>• ЦСР | - НВО | - Формиран тим и број на ангажирани стручни лица | 4 месеци |
| | | 2 | **Креирање на превентивна програма** | • Младите од 11 до 18 год<br>• НВО<br>• МВР<br>• ЦСР | - НВО<br>- МВР<br>- ЦСР<br>- Училиштата<br>- Здравството | - Број на опфатени содржини и теми за работа | 3 месеци |
| | | 3 | Семинари за наставен кадар и Педагошко Психолошки Служби | • Наставници и ППС | - Стручни и домашни експерти<br>- НВО | - Број на орджани семинари<br>- Број на лица едуцирани на семинарите<br>- Број на обработени содржнни | 4 месеци |
| | | 4 | Имплементација на превентивната програма | • Младите од 11-18 | - НВО<br>- ЦСР<br>- Здравство | - Број на одржани работилници<br>- Број на присутни ученици на работилниците<br>- Број на обработени содржини | континуирано |

## АКЦИОНЕН ПЛАН

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.2 | Психо-социјални интервенции | | | | | |
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Советодавни и професионални услуги | • Младите од 11-18 год | - НВО<br>- ЦСР<br>- Здравство<br>- МВР<br>- ЛС | • Број на вклучени лица за намалување на штетните последици од злоупотребата на дроги | континуирано |
| | | 2 | Едукативни работлиници | • Младите од 11-18 год | - НВО<br>- ЦСР<br>- Здравство<br>- МВР<br>- ЛС | • Број на реализирани работилници<br>• Број на лица кои ги посетуваат | континуирано |

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| 2 | 2.1 | Функционирање на мобилни тимови за домашна посета, здравствена грижа и нега на стари лица | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | 1 | Евиденција на стари и изнемоштени лица во Општина Делчево на кои им е потребна помош | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С<br>• Здравствен центар | • НВО<br>• ЦСР<br>• Здравствен центар | • Број на евидентирани стари и изнемоштени лица | Два месеца |
| | 2 | Ангажирање на стручни лица и волонтери | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • Број на ангажирани стручни лица | Два месеца |
| | 3 | Обука на тимот за работа со стари и изнемоштени лица | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С<br>• Здравствен центар | • Број на обучени лица во тимот | Три месеца |
| | 4 | Реализација на посети на стари и изнемоштени лица | • НВО<br>• ЦСР | • НВО<br>• ЦСР<br>• Здравствен центар | • Број на остварени посети | Континуирано |

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| 2 | 2.2 | Дом за стари лица со можности за геријатриски оддел | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Обезбедување на простор за функционирање | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • Склучен договор за обезбеден простор | 4 месеца |
| | | 2 | Опремување на простор, опрема и средства за работа | • Бизнис сектор<br>• Странски фондации | • НВО<br>• Бизнис сектор<br>• Странски фондации<br>• ЦСР<br>• Л.С | • Опремен простор и обезбедена количина на средства за работа | 12 месеца |
| | | 3 | Ангажирање на лица од различни профили за работа во установата | • Различни стручни профили - кадри | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • Број на ангажирани лица | Два месеца |
| | | 4 | Изработка на план за работа на домот за стари и изнемоштени лица со геријатриски оддел | • Стручни лица | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • Изготвен и усвоен план за работа на домот | Два месеца |
| | | 5 | Дозвола од Министерството за труд и социјална политика за работа на домот | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • ЦСР<br>• Л.С | • Добиена дозвола за работа од Министерството за труд и социјална политика | Два месеца |
| | | 6 | Функционирање на дом за стари лица со гер.одд. | • Стари и изнемоштени лица | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • Број на згрижени лица | Континуирано |

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| 3 | 3.1 | Функционирање на мобилни тимови за домашна посета **(нега и грижа)** на лица со посебни потреби | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Евиденција на лица со посебни потреби во Општина Делчево на кои им е потребна помош | • НВО<br>• ЦСР<br>• Дневен центар<br>• Л.С | • НВО<br>• ЦСР | • Број на евидентирани лица со посебни потреби | Два месеца |
| | | 2 | Ангажирање на стручни лица и волонтери | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С<br>• Дневен центар | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С | • Број на ангажирани стручни лица | Два месеца |
| | | 3 | Обука на тимот за работа со лица со посебни потреби | • НВО<br>• ЦСР<br>• Л.С<br>• Дневен центар | • ЦСР<br>• Л.С | • Број на обучени лица во тимот | Два месеца |
| | | 4 | Реализација на посети на лица со посебни потреби | • НВО<br>• ЦСР | • НВО<br>• ЦСР | • Број на остварени посети | Континуирано |

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| 3 | 3.2 | Изградба на соодветна инфраструктура за лица со посебни потреби | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Идентификување на објекти за пристапни рампи | • НВО<br>• ЦСР<br>• Дневен центар<br>• Л.С | • НВО<br>• Л.С | • Број на евидентирани позиции | Два месеца |
| | | 2 | Изготвување на приоритетна листа за изградба на инфраструктура за лица со телесена пореченост и поднесување до релевантни институции | • НВО<br>• ЦСР<br>• Дневен центар<br>• Л.С | • НВО<br>• Л.С | • Изготвена листа и поднесени барања | Три месеци |
| | | 3 | Адатација на пристапи и изградени пристапни рампи | • НВО<br>• Л.С | • НВО<br>• Л.С | • Број на пристапни рампи | Шест месеца |

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| 4 | 4.1 | Вработување на лица корисници на Социјална парична помош и други права | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Идентификување на работно способни лица корисници на Социјална парична помош и други права. | • ЦСР<br>• Л.С<br>• НВО | • ЦСР<br>• Л.С<br>• НВО | • Број на идентификувани лица работно способни корисници на С.П | 3 месеци |
| | | 2 | Работна програма за квалификација и преквалификација | • Агенција за вработување-Делчево<br>• ЦСР<br>• Л.С<br>• Бизнис сектор | • ЦСР<br>• Л.С<br>• НВО<br>• Бизнис сектор | • Број на лица вклучени во програмата | 6 месеци |
| | | 3 | Вработување | • Бизнис сектор<br>• ЦСР<br>• Л.С | • ЦСР<br>• Л.С<br>• Бизнис сектор | • Број на вработени лица корисници на СП | континуитет |

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| 4 | 4.2 | Изградба на станбени единици со соодветна инфраструктура за лица кој немаат моментални услови за станбено живеење, корисници на СП. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Формирање на работна група, идентификација на потребите и изработка на план. | • ЦСР<br>• Л.С<br>• НВО | • ЦСР<br>• Л.С<br>• НВО | • Изработен план за утврдување на потребите и диманиката на активностите | 3 месеци |
| | | 2 | Дефинирање на Детален урбанистички план, за можни трајни или времени локации за станбени единици | • Л.С | • Л.С | • Број на уцртани парцели за станбени единици од социјален карактетер | 2 месеца |
| | | 3 | Изработка на План и елаборати | • Л.С | • Л.С | • Изработен елаборат | 2 месеца |
| | | 4 | Изградба на станбени единици за корисниц на Социјални права. | • Л.С<br>• Бизнис заедница<br>• НВО-фондации | • Л.С | • Создадени станбени единици | 2 години |

# БУЏЕТ ЗА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (ОРИЕНТАЦИОНА форма на БУЏЕТ)

## Деца и младинци во социо-економски ризик и ризик од зависности

| 1 | | Програма | Активности | Општински буџет / НВО/ Донација / Централен буџет | БУЏЕТ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1 | ▪ Превентивна програма наменета за младите за усвојување на здрави животни стилови и Кампања за борба против зависности / семејното насилство/ деликвенција | ➢ Формирање на тим за реализација на работилници<br>➢ Креирање на превентивна програма<br>➢ Семинари за наставен кадар и ППС-Педагошко -психолошка служба<br>➢ Имплементација на превентивната програма | • **Општински буџет:** 50.000,00<br>• **НВО:** 300.000,00<br>• **Донација:**<br>• **Централен буџет:** | Вкупно: **350.000,00 денари** |
| | 1.2 | ▪ Психо-социјални интервенции | ➢ Советодавни и информативни услуги<br>➢ Едукативни работлиници | • **Општински буџет:** 30.000,00<br>• **НВО:** 60.000,00<br>• **Донација:**<br>• **Централен буџет:** | Вкупно: **90.000,00 денари** |

## СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

| 2 | | Програма | Активности | Општински буџет / НВО/ Донација/ Централен буџет | БУЏЕТ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.1 | ▪ Функционирање на мобилни тимови за домашна посета, здравствена грижа и нега на стари лица | ➢ Евиденција на стари и изнемоштени лица во Општина Делчево на кои им е потребна помош.<br>➢ Ангажирање на стручни лица и волонтери.<br>➢ Обука на тимот за работа со стари и изнемоштени лица.<br>➢ Реализација на посети на стари и изнемоштени лица. | • **Општински буџет**: 200.000,00<br>• **НВО:**<br>• **Донација:** 220.000,00<br>• **Централен буџет:** | Вкупно: **420.000,00 денари** |
| | 2.2 | ▪ Дом за стари лица со можности за геријатриски оддел | ➢ Обезбедување на простор за функционирање<br>➢ Опремување на простор, опрема и средства за работа<br>➢ Ангажирање на лица од различни профили за работа во установата<br>➢ Изработка на план за работа на домот за стари и изнемоштени лица со геријатриски оддел<br>➢ Дозвола од министерството<br>➢ за труд и социјална политика за работа на домот<br>➢ Функционирање на дом за стари лица со гер.одд. | • **Општински буџет:** 100.000,00<br>• **НВО:**<br>• **Донација:** 100.000,00<br>• **Централен буџет:**<br>• **Бизнис сектор:** 9.300.000,00 | Вкупно: **9.500.000,00** |

| ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | | **Програма** | **Активности** | **Општински буџет / НВО/ Донација / Централен буџет** | **БУЏЕТ** |
| | 3.1 | ▪ Функционирање на мобилни тимови за домашна посета (нега и грижа) на лица со посебни потреби | ➢ Евиденција на лица со посебни потреби во Општина Делчево на кои им е потребна помош<br>➢ Ангажирање на стручни лица и волонтери<br>➢ Обука на тимот за работа со лица со посебни потреби<br>➢ Реализација на посети на лица со посебни потреби | • **Општински буџет**: 50.000,00<br>• **НВО:**<br>• **Донација:** 350.000,00<br>• **Централен буџет:** | Вкупно: **400.000,00** |
| | 3.2 | ▪ Изградба на соодветна инфраструктура за лица со посебни потреби | ➢ Идентификување на објекти за пристап<br>➢ Изготвување на приоритетна листа за изградба на инфраструктура за лица со интелектуална или телесена пореченост и поднесување до релевантни институции<br>➢ Адатација на пристапи и изградени пристапни рампи | • **Општински буџет**: 150.000,00<br>• **НВО:** 150.000,00<br>• **Донација:** 300.000,00<br>• **Централен буџет:** | Вкупно: **600.000,00** |

ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ И ДРУГИ ПРАВА

| 4 | | Програма | Активности | Општински буџет / НВО/ Донација / Централен буџет | БУЏЕТ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.1 | ▪ Вработување на лица корисници на Социјална парична помош | ➢ Идентификување на работно способни лица корисници на Социјална парична помош и други права.<br>➢ Работна програма за квалификација и преквалификација<br>➢ Вработување | • **Општински буџет:** 10.000,00<br>• **НВО:**<br>• **Донација:** 20.000,00<br>• **Централен буџет:** 30.000,00 | Вкупно: **60.000,00** |
| | 4.2 | ▪ Изградба на станбени единици со соодветна инфраструктура за лица кој немаат услови за живот, корисници на СП. | ➢ Формирање на работна група, идентификација на потребите и изработка на план.<br>➢ Дефинирање на Детален урбанистички план, за можни трајни или времени локации за станбени единици<br>➢ Изработка на План и елаборати<br>➢ Изградба на станбени единици за корисниц на Социјални права. | • **Општински буџет :**<br>• **НВО:**<br>• **Донација :**<br>• **Централен буџет:** | Вкупно : // |

Број 09-1913/1
09.11. 2018
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски

## РЕЗИМЕ НА ПРОЕКТОТ: СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

*Правото на граѓаните да учествуваат во извршувањето на јавните работи е едно од основните демократски начела а може најдиректно да се оствари на локално ниво каде што локалните власти се во можноста поблиско да соработуваат со граѓаните и нивните организации и да работат на проблемите кои директно влијаат врз нивните животи. Преку соработка со граѓаните и нивните организации при испорачување програми и услуги, локалните власти можат да дојдат до ресурси, знаење и заложба во спроведувањето на активностите кои се од директен интерес за заедницата. Ова може да резултира во взаемна доверба, чувство на сопственост и поголем легитимитет на нивните одлуки.*
*Проектот „Социјален дијалог за социјална инклузија" е фокусиран кон создавање на средина за активно учество и влијание на граѓанските организации, во областа на Здравство, социјална и хуманитарна работа.* ***Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на институциите и организациите на локално ниво за планирање, развој и достава на социјални услуги за ранливите категории на граѓани во рамките на заедниците. Имплементацијата на процесот на децентрализација неминовно налага општините да ја преземат водечката улога за развој на локален систем од социјални услуги преку мултисекторска соработка.***

*Со финансиска подршка од фондовите на Европската унија преку проектот* ***„Подобрување на активната вклученост на македонските граѓански организации во процесот на донесување на одлуки преку зајакнување на новооснованите граѓански организации" на фондацијата Преда Плус во партнерство со германската организација „Arbeiter-Samariter-Bund"****, се создадоа можности за остварување на целите на проектот „Социјален дијалог за социјална инклузија" и да се постигнат очекуваните резлултати.*

За развој и унапредување на социјалните услуги во Општина Делчево и развој на социјалната палатформа - „Локален акционен план за социјална заштита на Општина Делчево“, голем придонес кон овој материјал даде кординативното работно тело:

| Име ипрезиме | **професија** | **институција/организациа** |
|---|---|---|
| Благој Стојменовски | **дип. социјален работник** | **Директор на ЈУ МЦСР** |
| Анита Цонева | **дип.правник** | **ЗГ КХАМ Делчево** |
| Сузана Петровска | **дип. социјален работник** | **Општина Делчево** |
| Славица Димитровска | **дип. социјален работник** | **ЈУ МЦСР** |
| Дејанчо Здравков | **дип. дефектолог** | **ХЗ Бравура Кооператива** |
| Родне Деловска | **дип.ПР** | **РЦЗ Делчево** |
| Реџеп Османов | **Економист** | **ЗГ Порака-Делчево** |
| Перса Стојановска | **претседател** | **ЗРА Пијанеечкиглас** |
| Шазија Мемедова | **соц работник** | **ЈУ МЦСР** |
| Јасминка Синадинова | **мед.сестра** | **Дневен центар за ЛПП** |
| Розета Такева | **Економист -косултант** | **ЗГ КХАМ Делчево** |
| Даниела Такева | **новинар** | **Општина Делчево** |
| Бети Толевска | **Педагог** | **ЗГ КХАМ Делчево** |
| Зенил Реџепов | **изв . директор** | **КУД Гоце Делчево** |
| Николчо Захариевски | **дип. социјален работник** | **ЈУ МЦСР** |
| Драган Маневски | **дип . правник** | **претседател на совет -Дел** |
| Александар Николов | **дип Дефектолог** | **ХЗ Бравура кооператива** |
| Зорка Коцев | **дип. Логопед** | **ХЗ Бравура Кооператива** |
| Кирил Тренчевски | **дип. економист** | **член на совет на Делчево** |
| Тони Стоименовски | **Дип. Проф по Одбрана** | **РЦЗ Делчево** |
| Димитар Димитровски | **претседател на ЛМС** | **Локален младински освет** |

***Благодарностдоситеостанатисоработницикојпомогнаавоостварувањенаоваа стратешка програма***

Хуманитарно зружение за помош и подршка
на лица со посебни потреби
„Бравура Кооператива“

Адрса: Питу Гули бр 37
Тел:+389(0)78349673
Емаил: bravuracooperativa@yahoo.com
http://together4future.org.mk/mk_MK/

Издавач: ХЗ „Бравура Кооператива“-Делчево

Автори: Проект тим на ХЗ „Бравура Кооператива“-Делчево

Партнер во проектот: **Невладина организација „КХАМ “Делчево**
Локална самоуправа на Општина Делчево

Тираж: 200 примероци

Некомерцијално издание
2018